CUPIDA LEGUM IUVENTUS

| | |
|---|---|
| До: | Министерство за животна средина и просторно планирање, Плоштад Пресвета Богородица бр. 3, 1000 Скопје, infoeko@moepp.gov.mk |
| Од: | Македонско здружение на млади правници-МЗМП Скопје со седиште на ул. „Донбас“ бр. 14/1-6, 1000 Скопје, ЕМБС 5944201, контакт телефон 072 223 963, е-пошта contact@myla.org.mk, застапувано од претседателка Бојана Божиновска Силјановска<br><br>и<br><br>Здружение за одржлив развој Милиеуконтакт Македонија – Архус Центар Скопје, со седиште на ул. „Кукушка“ бр. 4А, 1000 Скопје, ЕМБС 6777546, е-пошта info@mkm.mk, претставувано од извршната директорка Маја Марковска |
| Предмет: | Коментари по однос на Нацрт на Закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина |

Почитувани,

Македонското здружение на млади правници и Здружението за одржлив развој Милиеуконтакт Македонија – Архус Центар Скопје, Ви доставуваат коментари по однос на Нацрт на Закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина.

- ВОВЕД. 1. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ.

Со донесување на Законот за животната средина ќе се овозможи: после алинеја 9, да се додаде нова алинеја 10, која ќе гласи: *„и зголемување на учеството на јавноста во донесување на одлуки за прашања поврзани со животната средина“*

Во член 12 став 1 од Нацрт законот со кој се менува членот 76 став 2 од Законот за животната средина по зборовите „работење и престанок со работа,“ предлагаме да се додадат зборовите „вклучително и кумулативните влијанија со други постојни или планирани проекти,“, во алинејата 1 по зборот „луѓето“ се додаваат зборовите „здравјето на луѓето“, а во алинејата 3 по зборовите „културното наследство и“ се додава зборот „материјалните“. Вака предложениот изменет став би гласел:

Оценувањето од ставот (1) на овој член во секој поединечен случај опфаќа определување, опис и процена на директни и индиректни влијанија кои ги има или би можел да ги има проектот при неговата изведба, работење и престанок со работа, вклучително и кумулативните влијанија со други постојни или планирани проекти, врз следните фактори:
- луѓето, здравјето на луѓето и биолошката разновидност
- земјиштето, почвата, водата, воздухот и климата;
- историското и културното наследство и материјалните добра и пределот и
- како и меѓусебните влијанија на елементите од алинеите 1, 2 и 3 на овој став.

CUPIDA LEGUM IUVENTUS

**Образложение:** Додавањето на зборовите „вклучително и кумулативните влијанија со други постојни или планирани проекти“ сметаме дека дополнително ќе ја истакне потребата од вклучување на овој елемент во оцената на влијението врз животната средина, кое од досегашната практика недостасува во студиите. Додавањето на зборовите „здравјето на луѓето“ и „материјалните“ претставува дополнително транспонирање на ЕУ директивата која во членот 3 ги содржи и овие термини“

Во членот 12 став 2 од Нацрт законот со кој се менуваат ставовите 3 и 4 од членот 76 од Законот за животната средина, во ставот 4 сметаме дека треба да се избрише реченицата „Доколку издавањето на дозволата, односно решението за спроведување на проект се врши во неколку фази тогаш оценувањето на влијанијата врз животната средина се врши во најраната односно првата фаза на одобрување на проектот.“

**Образложение:** Вака конципираната реченица сметаме дека нејасно утврдува дали нејзината цел е хармонизација со заедничката и координираната постапка од Директивата на ЕУ, а кое е наведено во точка 3.2. од Нацрт извештајот за ПВР. Сметаме дека ваквата реченица остава простор за злоупотреба, односно целината на еден проект да биде раздвоена на повеќе фази, за да се избегне спроведувањето на ОВЖС за целиот проект (познато и како slicing).

Во членот 14 од Нацрт законот, предлагаме ставот 4 со кој се бришат ставовите 6 и 7 од членот 78 од Законот за животната средина, да се избрише.

**Образложение:** Цитираните ставови од членот 78 од Законот за животната средина регулира обврска за донесување решение врз основа на добиените забелешки од јавноста и обврска за објавување на ваквото решение. Во ситуација кога со измените се предлага обврска за Владата да ја објави само нацрт-одлуката, а не и финалната одлука, сметаме дека ќе се доведе до ситуација каде следниот став од измените со кои се предвидува право на правен лек, практично ќе биде неприменлив поради тоа што јавноста нема да има пристап до финалниот правен акт против кој ќе може да го искористи правниот лек.

Во членот 14 став 5 од Нацрт законот со кој ставот 8 станува став 6 и се менува неговата содржина, по зборовите „на овој член“ се додаваат зборовите „засегнатата јавност“.

**Образложение:** Сметаме дека ваквото дополнување ќе придонесе кон поедноставна примена на членот, односно нема да придонесе кон предизвици во однос на активната легитимација при користење на правните лекови.

Во членот 15 со кој се менува членот 79 од Законот за животната средина, предлагаме изменување на ставот 3 на начин на кој ќе се допрецизира терминот „најдобра меѓународна практика“; изменување на ставот 4 на начин што точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите „во кое задолжително се утврдени најдобрите меѓународни практики од ставот 3 на

Македонско здружение на млади правници
адреса: Донбас бр.14/6 Скопје тел: +38923220870 e-mail: contact@myla.org.mk

овој член.“; бришење на ставот 5 и изменување на ставот 6 на начин што зборот „седум“ ќе се замени со зборот „пет“.

**Образложение:** Во однос на предложената измена во ставот 3, сметаме дека терминот „најдобра меѓународна практика“ не е доволно јасен и прецизен кој, како и на кој начин ја утврдува истата, па предлагаме да биде допрецизирана на начин што ќе се додаде дека истата се однесува на најдобрата практика во земјите членки на Европската Унија. Поради нејасноста на искористениот термин „најдобра меѓународна практика“, а заради предвидливост и јасност на постапката за ОВЖС, предлагаме истата да биде дефинирана во упатството што ќе го донесе Министерот за животна средина и просторно планирање, па поради тоа ја предлагаме измената на ставот 4.

Со оглед на тоа дека ЕУ Директивата не предвидува посебни упатства за секторот енергетика, нејасно е зошто токму овој сектор се издвојува, истовремено што ставот остава простор посебни упатства да бидат донесени и за неограничен и однапред неопределен број на сектори. Донесувањето посебни упатства за различни сектори како посебни подзаконски акти, остава простор за неусогласеност помеѓу упатството од ставот 4 и посебните упатства од ставот 5, што може да влијае на правната сигурност, но и на предвидливоста на начинот на постапување од страна на МЖСПП во спроведувањето на ОВЖС. Поради сето ова предлагаме бришење на ставот 5.

Сметаме дека периодот од 7 години за ажурирање и ревидирање на упатството од ставот 4 е премногу долг, па поради тоа предлагаме намалување на истиот.

Во членот 16 од Нацрт законот со кој се менува членот 80 од Законот за животната средина предлагаме во ставовите 1 и 2 да се избришат зборовите „алинеја 2“, ставовите 4-10 да се преработат или да се избришат, а во ставот 13 зборовите „ставот (10)“ да се заменат со зборовите „ставот 1“.

**Образложение:** Со предложеното изменување на членот 78 не се нормирани алинеи, па оттука сметаме дека треба да се избришат. Истовремено во одредбата од ставот 13 каде се врши повикување на ставот 10, ставот 10 се однесува на друг документ, а не на известувањето за намерата за спроведување на проект, па поради тоа што претпоставуваме дека се работи за ненамерна печатна грешка, предлагаме и заемнување на зборовите „ставот 10“ со „ставот 1“.

Во однос на предлогот за ставовите 4-10, иако важечкиот Закон за заштита на природата формално го воспоставува процесот за „оцена на влијанието врз природата“, во суштина таа постапка значи „оцена на влијанието врз животната средина“. До заклучокот дека според сегашното важечко законодавство постапките за „оцена на влијанието врз природата“ и „оцена на влијанието врз животната средина“ се синоними за истата постапка, се доаѓа поради следните причини:

- Законот за заштита за природата воопшто не содржи псоебни одредби кои би се однесувале за начинот на спроведување на постапката за „оцена на влијанието врз природата“
- Законот за заштита на природата во членовите 17 став 1, 25 став 3 и 27 став 2, се повикува на одредбите на Законот за животната средина во однос на „оцена на влијанието врз природата“

- Во Законот за животната средина единствено е регулирана постапката за „оцена на влијанието врз животната средина“

Поради сите овие причини логично се доаѓа до заклучокот дека во македонскиот правен поредок единствено е регулирана и опстојува постапката за „оцена на влијанието врз животната средина“. Во таква ситуација, воведувањето на ставотите 4-10 во Законот за животната средина, кога претходно нема регулирано посебна постапка за „оцена на влијанието врз природата“ ќе доведе само до нејасност на воведените ставови, нејасност во нивното применување и евентуални штети на животната средина и природата при спроведувањето на постапката за „оцена на влијанието врз животната средна“. Оттука, а заради целосна заштита на животната средина, предлагаме ставовите 4-10 да бидат избришани или разработени на начин што во Нацрт Законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина ќе се додадат посебни одредби со кои ќе се регулира нова постапка, односно „оцена на влијанието врз природата“.

Во членот 19 од Нацрт законот со кој се менува членот 84 од Законот за животната средина предлагаме изменување на ставот 1 на начин што ќе се изврши целосно усогласување со членот 5 и анексот IV од Директивата на ЕУ и бришење на ставот 3.

**Образложение:** Во ситуација кога се заземал ставот дека содржината на студијата за оцена на влијанието врз животната средина треба да биде *materia legis*, сметаме дека е потребно целосно усогласување со членот 5 и анексот IV од Директивата на ЕУ, на начин што точните елементи ќе бидат наведени во самиот член од законот. Кон ваквиот предлог придонесува и содржината на предложениот став 1 кој се повикува на прописот од членот 80 од Законот за животната средина, а кој пропис од членот 80 се однесува за известувањето за намера за спроведување на проектот, па оттука нејасно би било зошто студијата би се држела единствено до елементите од известувањето. Со цел да не настанат вакви забуни и потешкотии во применувањето на законодавството, сметаме дека содржината на студијата треба да биде *materia legis,* но ставот 1 да се дополни на начин што ќе има целосно усогласување со посочените одредби од Директивата.

Истовремено со оглед на тоа што се заземал ставот дека содржината на студијата треба да биде *materia legis,* сметаме дека би било спротивно на начелото на правна сигурност ако истовремено содржината се уредува и со подзаконски акт.

Во членот 20 став 4 од Нацрт законот, со кој се додава нов став 6 во членот 86 од Законот за животната средина, предлагаме истиот да се избрише.

**Образложение:** Исто како и во коментарот погоре кој се однесуваше на членот 16 од Нацрт законот, повторно укажуваме дека македонското важечко законодавство не воспоставува посебна постапка за „оцена на влијанието врз природата“, па оттука доколку Законот за животна средина не се измени на начин како што укажавме во образложението за членот 16 од Нацрт законот, сметаме дека оваа одредба ќе има негативен ефект по правната игурност, предвидливоста и заштитата на животната средина, па треба да се избрише или дополнително да се разработи.

Во членот 21 став 6 од Нацрт законот со кој се додаваат нови ставови 7, 8, 9 и 10 во членот 87 од Законот за животната средина, во ставот 8 предлагаме по зборовите „е должен да го извести органот што го“ да се додаде зборот „донел“, по зборовите „да го достави решението на органот надлежен за издавање на“ предлагаме зборот „дозволата“ да се замени со „решението“, а по зборовите „за спроведување на проектот“ да се додаде зборот „или“. Предложениот изменет став би гласел:

Инвеститорот кој е предмет на Решението со кое се утврдува дека не е потребна оцена на влијанието врз животната средина или Решението со кое се утврдува дека не е потребна оцена на влијанието врз животната средина од членот (7) е должен да го извести органот што го донел Решението. Постапка на пренос на правата од ставот 1 на овој член во рок од 15 дена од денот на измената и со тоа известување да го достави решението на органот надлежен за издавање на решението за спроведување на проектот или пренос на дозволата, односно согласноста и изјавата на инвеститорот на кое се пренесува спроведувањето на проектот за прифаќање на преносот со сите права и обврски што произлегуваат од него.

**Образложение:** Предложената измена е во насока на појасен и попрецизен нов став 8 од членот 87 од Законот за животната средина.

Во членот 23 од Нацрт законот со кој се менува членот 90 став 1, предлагаме да се избришат зборовите „а може“ и да се додаде нов став 2 кој би гласел „Начинот на објавување на податоците и документите опишани во овој член, треба да се применуваат како минимум стандарди и не треба да исклучуваат примена и на други начини на објавување чија цел е посеопфатно информирање на јавноста, а во смисла на одредбите од Архуската конвенција и одлуките на Комитетот кон Архуската конвенција“.

**Образложение:** Во насока на подобро информирање на јавноста за постапката за ОВЖС, објавувањето на документите на веб страните, односно огласните табли на општините не треба да биде алтернатива туку обврска. Ова од причина и што улогата на општините е многу важна за комуникација со локалното население, но и законодавството за животна средина во секоја постапка предвидува задолжителни консултации со општините на чие подрачје се спроведува некој проект, при издавање на некоја дозвола, односно при спроведувањето на постапката за ОВЖС. Оттука сметаме дека предвидувањето обврска, наместо алтернатива, за општините за објавување на документите и информациите за ОВЖС ќе има позитивен ефект кон информираноста на граѓаните и нивно активно учество во постапката за ОВЖС.

Во однос на предложениот нов став 2, сметаме дека на тој начин дополнително ќе се зајакне значењето на Архуската конвенција и пред се практиката на Комитетот на Архуската конвенција кој укажува на обврската за државите да ги применат сите ефикасни средства за ефикасно инфомирање на граѓаните.[1]

[1] Зошто имаме предизвик во обезбедување суштинско учество на јавноста во одлуките поврзани со животната средина, Македонско здружение на млади правници, Скопје 2024, достапно на: https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2024/05/Sustinsko-ucestvo-na-javnosta-vo-odlukite-povrzani-so-zivotnata-sredina.pdf

Македонско здружение на млади правници
адреса: Донбас бр.14/6 Скопје тел: +38923220870 e-mail: contact@myla.org.mk

Во членот 24 став 1 од Нацрт законот со кој се изменува членот 91 став 2 од Законот за животната средина, предлагаме зборовите „може да ја одложи“ да се заменат со „ја одложува“, а во ставот 3 предлагаме зборовите „да ја подготват“ да се заменат со зборовите „за подготовка на“, а на крајот на реченицата да се додадат зборовите „врз животната средина“.

**Образложение:** Сметаме дека предложените измени ќе придонесат кон појасни измени на членот 91 од Законот за животната средина, но истовремено нејасно ни е дали ставот 3 од членот 24 од Нацрт законот, е всушност некој нов став во членот 91 од Законот за животната средина и која нумерација би ја имал евентуалниот ваков нов став.

**ДРУГИ КОМЕНТАРИ**

Член 24 не е предмет на измена, но сакаме да посочиме дека Уредбите за елаборати (за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општината во градот Скопје и органот на државна управа надлежен за работите од областа на животната средина)е неопходно да се ревидираат.

Елаборатите кои се подготвени согласно горенавеените Уредби, а особено согласно Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот на државна управа надлежен за работите од областа на животната средина, да бидат предмет на јавен увид и јавна расправа или било каква друга форма на учесто на јавноста во постапката на нивното одобрување, како и да се предвиди јасен пристап до правда на јавноста.“

Во однос на Член 91 став 1 од Законот за животната средина, кој не е предмет на овие измени предлагаме на крајот на ставот да се додадат следните реченици:

*„Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина е должен да подготви кратко соопштение за датумот и местото на одржување на јавната расправа и да го достави до општината на чија што територија ќе се спроведува проектот. Градоначчникот на општината задолжително го објавува на интернет страницате и го испраќа по електронска пошта до здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина од подрачјето на кое се спроведува проектот.*

*Со цел обезбедување на поголемо учество на јавност, јавните расправи да се одржуваат после работно време или за време на викенди“*

CUPIDA LEGUM IUVENTUS

Доколку имате потреба од дополнителни информации, Македонското здружение на млади правници и Здружението за одржлив развој Милиеуконтакт Македонија – Архус Центар Скопје, Ви стојат на располагање.

Подносител

За МЗМП, претседателка

Бојана Божиновска Силјановска

За МКМ и Архус Центар, Извршна Директорка

Маја Марковска

Македонско здружение на млади правници
адреса: Донбас бр.14/6 Скопје тел: +38923220870 e-mail: contact@myla.org.mk